# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА ОД ИНТЕРНА МЕДИЦИНА” - СКРИПТА ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ВАВЛУКИС, АСС. Д-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОСКА-НАКОВА, АСС. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА И АСС. Д-Р АНГЕЛА ДЕБРЕШЛИОСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” -ШТИП

Со Одлука бр. 2502-72/27 од 3.3.2014 година на Наставно-научниот совет Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Стефан Талевски, хонорарно ангажиран професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- проф. д-р Елизабета Србиновска-Костовска, вонреден професор на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис под наслов „Одбрани поглавја од интерна медицина” - скрипта од авторите доц. д-р Марија Вавлукис, асс. д-р Валентина Велкоска-Накова, асс. д-р Гордана Камчева и асс. д-р Ангела Дебрешлиоска.

По прегледот на добиениот ракопис, Рецензентската комисија предложена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „*Одбрани поглавја од интерна медицина*” претставува скрипта според која се изведува наставата по предметот интерна медицина за студиските програми: Дентална медицина, Медицинска сестра/техничар, Медицински лаборанти, Акушерки и Физиотерапевти. Содржината ја сочинуваат осум дела: кардиологија, пулмологија, гастроентерохепатологија, ендокринологија, нефрологија, хематологија, ревматологија и токсикологија. Составен дел на ракописот е содржината на почетокот од скриптата и користената литература на крајот од содржината.

Ракописот е напишан на јасен, македонски јазик, разбирлив за студентите. Содржи информации за теоретско и практично совладување на одбрани поглавја од интерната медицина. Опсегот на покриеност на материјалот е во рамките на покривање на програмата по предметите:

1. Интерна медицина, за студиската програма Дентална медицина, кој се слуша како редовен предмет во V семестар со фонд на часови 3+2+1;
2. Интерна медицина со нега, 3+4+1;
3. Основи на интерна медицина, за студиската програма Лабораториски техничар, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 3+2+1;
4. Основни поглавја на интерна медицина, за студиската програма Акушерки, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 2+3+1;
5. Интерна медицина со ревматологија, за студиската програма Физиотерапевти, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот е образложен на 305 страници на А4 формат, соодветни и правилно се цитирани референци, истите наведени во поглавјето користена литература. Во склоп на текстот се вметнати слики за полесно совладување на материјалот. Обемот и содржината на ракописот е во согласност со фондот за часови на предметите и во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината**

Содржината е поделена во 8 дела. Секој од нив е поделен на под тематски целини и ја обработува етиологијата, патологијата, клиничката слика, дијагностиката и терапијата на одделни интернистички заболувања.

Делот кардиологија ги обработува следните теми: кардиолошка пропедевтика, коронарна артериска болест, болести на миокардот, болести на перикардот, вродени срцеви мани, ревматска треска, инфективен ендокардитис, стекнати срцеви мани, артериска хипертензија, срцева слабост, болести на аортата, болести на периферните крвни садови и нарушувања во ритамот и спроведувањето.

Делот пулмологија ги обработува следните теми: пропедевтика на респираторен систем, дијагностички методи во дијагностиката на респираторните заболувања, акутни и хронични горнореспираторни заболувања, хронична белодробна опструктивна болест, астма, пневмонии, бронхиектазии, апсцес на белодробие, тромбемболија на белите дробови, тумори на бели дробови, белодробна туберкулоза и болести на плевра.

Делот гастроентерохепатологија ги обработува следните теми: гастроентерохепатолошка пропедевтика, болести на хранопровод, болести на желудник, болести на тенки и дебели црева, болести на црн дроб, болести на билијарен систем и болести на панкреас.

Делот ендокринологија ги обработува следните теми: ендокринолошка пропедевтика, заболувања на хипофизата, болести на тироидна жлезда, болести на паратироидните жлезди, болести на надбубрежните жлезди, остеопороза, болести на машки и женски репродуктивен систем и дијабетес мелитус.

Делот нефрологија ги обработува следните теми: пристап кон болен со бубрежно заболување, акутна бубрежна инсуфициенција, хроничка бубрежна инсуфициенција, гломеруларни заболувања, полицистична бубрежна болест, инфекции на уринарен тракт, нефролитијаза, опструкција на уринарни патишта и тумори на уринарен систем.

Делот хематологија ги обработува следните теми: хематолошка пропедевтика, анемии, заболувања на гранулоцитната лоза, полицитемија, есенцијална тромбоцитемија, миелодиспластични синдроми и нарушување на хемостаза.

Делот ревматологија ги обработува следните теми: ревматолошка пропедевтика, воспалителни ревматски заболувања (идиопатски артритиси, системски болести на сврзното ткиво пратени со артралгија, инфективни артритиси и метаболички артропатии), дегенеративни заболувања и вонзглобен ревматизам.

Делот токсикологија ги обработува следните теми: труења со лекови, труења со алкохол, труења со печурки, труења со пестициди, труења со корозивни средства, труења со јаглероден моноксид.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изнесеното, како и намената на овој ракопис, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип да го прифати ракописот „Одбрани поглавја од интерна медицина" од авторите: доц. д-р Марија Вавлукис, асс. д-р Валентина Велкоска Накова, асс д-р Гордана Камчева и асс. д-р Ангела Дебрешлиоска за објавување во е-библиотека.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Стефан Талевски**
**хонорарно ангажиран професор на**
**Факултет за медицински науки, с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Србиновска-Костовска**
**вонреден професор на Медицински факултет – Скопје, с.р.**